# ХАЛКИДИЧКОТО ВОСТАНИЕ
# (1821)

**Никола Минов**

Во април 1814 година во Одеса била формирана грчката политичка организација „Филики Етерија“, чија основна цел било ослободување на Грците од османлиска власт и формирање на грчка држава со центар во Цариград. Организацијата мошне брзо ја проширила својата мрежа низ Руското царство, а откако во 1818 година нејзиниот центар бил пренесен од Одеса во Цариград, кон неа пристапиле поголем број членови од разни краишта на Балканот. Филики Етерија развила своја активност и во Македонија. За таа цел во оваа османлиска област бил испратен поранешниот командант на гарнизонот на владетелот на Влашка, Јоанис Фармакис, чија што активност значително придонела кон ширење на мрежата на Организацијата во јужна Македонија, претежно меѓу грчкиот елемент. Во април 1820 година на чело на Филики Етерија застанал рускиот офицер со грчко потекло, Александар Ипсиланти. Истата година дошло до заострување на конфликтот помеѓу Али паша Јанински и султанот, што ги забрзало подготовките на етеристите за почеток на револуција во Грција. Во тој контекст бил подготвен план за започнување на револуција на Пелопонез, провоцирање на востание во Влашка, помагање на симултано востание на Србите кое би му претходело на грчкото востание, и тн. Ненадејната смрт на кнезот на Влашка во јануари 1821 година и сознанието дека информациите за подготовка на востание стигнале до османлиските власти ги забрзале подготовките за револуција. На 22 февруари 1821 година, Ипсиланти и неговите следбеници ја преминале реката Прут, а два дена подоцна во градот Јаш, водачот на Филики Етерија упатил прокламација со која ги повикал сите Грци и христијани да се кренат на револуција против османлиската власт. Повикот на Ипсиланти набргу наишол на одек во Грција. На 17 март Маниотите од Пелопонез им прогласиле војна на Турците, а според традицијата, на 25 март 1821 година владиката Германос го прогласил почетокот на грчката револуција, која од Пелопонез набргу се пренела и во континентална Грција.

Во своите контакти со одредени членови на Етеријата од Македонија, А. Ипсиланти предвидувал и востанички акции во Македонија. Иницијатор и организатор едно такво востание во јужна Македонија бил богатиот трговец и банкар од Серско, Емануил Папас. Соочен со смртни закани, во 1817 година Папас се преселил од Сер во Цариград, каде што во декември 1819 година бил примен во Филики Етерија, на која ѝ подарил значителен дел од своето богатство. Следејќи ги инструкциите на А. Ипсиланти за подготовка на теренот и на населението во Македонија за востание, Папас набавил значително количество оружје и заедно со тесен круг соработници, во март 1821 година, се упатил кон Халкидичкиот полуостров. Кон крајот на месецот оружјето било истоварено на Света Гора и Папас започнал на дело да ја спроведува иницијативата за востание во Македонија.

Халкидик бил одреден за почетна точка на востание во Македонија од повеќе причини. Од една страна, поради своите географски предиспозиции, полуостровот им нудел природна заштита на востаниците и претставувал одлична база за воени операции. Организаторите на акцијата сметале дека при евентуален успех на востанието во најмала рака би го забавиле копнениот трансфер на поголеми османлиски воени формации од Тракија кон јужна Грција и Пелопонез, со што грчките востаници во јадрото на грчкото востание би добиле на време и простор. Од друга страна, Папас и соработниците знаеле дека револуционерните пулсации во Македонија биле најсилни на Халкидик. Според нив, монасите на Света Гора со својата бројност (околу 3.000) би оформиле значителна армија и би претставувале водечка интелектуална и духовна сила на востанието, а со своето влијание би го поттикнале населението на револт. Притоа, Папас го имал предвид и наталоженото незадоволство на жителите на Халкидик, кои во последните 2 години страдале од постојана опресија од страна на локалните власти. Конечно, за изборот на Халкидик како почетна база на грчко востание во Македонија веројатно влијаел и етничкиот состав на полуостровот. Грчката војна за независност во 1821 година имала мошне силен одек кај сите христијани во јужниот дел на Балканот, но и покрај присутната христијанска солидарност, било природно да се очекува дека одекот на револуцијата би бил најсилен кај Грците. Во 1821 година, како и до самиот крај на османлиското владеење во Македонија, бројката на етнички Грци во Македонија била процентуално најголема токму на Халкидик.

Набргу по истоварувањето на воените материјали на Света Гора, Е. Папас организирал генерално собрание на светогорските игумени во манастирот Есфигмен. На собранието биле разгледани финансиските потреби за организирање на востание на Света Гора и бил упатен повик до жителите на островот Псара за испраќање на

воени пловила кои би патролирале крај брегот на Атос и би го штителе манастирскиот полуостров од очекуваното истоварување на османлиската војска. Истовремено започнало тајно регрутирање и вооружување на светогорските монаси, како и нивно испраќање кон најважните стратешки позиции на Света Гора.

Востаничкото буре барут на Халкидичкиот полуостров го запалил солунскиот мутеселим Јусуф бег, кој во обид да спречи избивање на немири во својот регион поттикнал побрз почеток на востанието. Тој им наредил на христијанските првенци од регионот да се соберат пред неговото седиште. Целта на оваа наредба била да ги држи локалните првенци како заложници, со што, во случај на ширење на грчкото востание кон Македонија, би го лишил населението од своите водачи. Дел од првенците ја предвиделе опасноста и на свое место испратиле сиромашни селани. Дел од нив навистина се појавиле пред седиштето на мутеселимот и Јусуф бег во заложништво држел околу 400 христијани, од кои стотина биле калуѓери од манастирските имоти. За да го задуши револуционерното расположение на Халкидик, Јусуф бег испратил вооружени сили на полуостровот, кои со репресивни мерки успеале да обезоружат еден дел од населението, додека останатиот дел од вооруженото население побегнал кон светогорските планини. Османлискиот терор бил најжесток во Полигиро, каде што турските војници од малиот гарнизон во градот пукале во секој млад маж што ќе им наидел на патот. Не можејќи да ја издржат тортурата, на 17 мај 1821 година жителите на Полигиро се упатиле кон седиштето на гарнизонот и во судир со малубројната војска успеале да го убијат командантот и 14 војници, што го означило неофицијалниот почеток на Халкидичкото востание.

Дознавајќи за инцидентот во Полигиро, Јусуф бег го истурил својот бес врз христијанското население во Солун. Според записите на солунскиот имам, Хајрула, на 18 мај 1821 година Јусуф бег наредил половина од заложниците да бидат заклани пред негови очи. Притоа, луѓето на мутеселимот започнале да го убиваат секој православен што го среќавале на солунските улици. „Секој ден и секоја ноќ на солунските улици не може да се слушне ништо освен вресок и плач. Се чини дека Јусуф бег, јаничарскиот ага и субашијата, оџите и улемата целосно полудеа“ – запишал Хајрула. Муслиманските толпи ја срушиле портата на митрополитската црква, при што во црквата биле убиени голем дел од христијаните што во неа побарале засолниште од самоволието на солунските муслимани. Оние што не биле убиени биле однесени на пазарот во окови и продадени како робови. Хајрула запишал и дека видел многу други работи кои што не би можел да ги опише бидејќи го лазеле морници при самото сеќавање на тие настани.

Сепак, наместо да ја парализира дејноста на востаниците, Јусуф бег постигнал дијаметрално спротивен ефект. Христијанската реакција на репресалиите набргу се проширила од Полигиро кон останатите делови на Халкидик. На Света Гора, Е. Папас, кој бил прогласен за „Командант и заштитник на Македонија", успеал да го разгори револуционерниот пламен распространувајќи го слухот дека зад востанието стоела Русија и дека Александар Ипсиланти победоносно се движел кон Цариград. Кон крајот на мај 1821 година во црквата „Успение на пресвета богородица" во гратчето Кареја на Атос бил прогласен официјалниот почеток на востанието. На Пелопонез и во Одеса биле испратени свештеници за да ја достават одлуката на жителите на повеќе места од Халкидик за востание и да побараат воена и материјална помош. Секаде каде што било прогласено востание, Е. Папас назначувал комитети составени од црковни лица и мирјани, чија задача била да ги преземат сите административни и судски должности во односното место.

Во почетните денови на Халкидичкото востание главните востанички бази биле на Касандра и Света Гора. Одделени со тесен копнен појас од останатиот дел од Халкидик, двете области полесно можеле да бидат утврдени и заштитени, а со помош на флотата од Псара, која го штитела пристапот кон нив од море, тие претставувале идеално прибежиште за останатите жители на полуостровот и важни стратешки бедеми за ширење на востанието низ Халкидик. Првите и најголеми успеси на востаниците, кои броеле околу 4.000 души, од кои 1.000 биле монаси, се случиле на почетокот на јуни 1821 година. Биле формирани две поголеми востанички чети: првата, под водство на Е. Папас, била составена од монаси и жители на Мадемохоријата (североисточниот дел на Халкидик), а втората, под команда на С. Капсас, ја сочинувале востаници од Касандра и Хасикохорија (северозападниот дел на Халкидик). Покрај нив, постоеле уште неколку помали чети, кои оперирале независно една од друга. Четата на Папас го одбила нападот на турските сили кај Ерисос, маршрала кон Ставрос и Пазаруда и успеала да им го блокира патот на османлиските трупи кои се упатувале кон Халкидик од југоисточна Македонија. Четата на Капсас ги протерала жителите на муслиманските села на патот кон Солун, ги запалила освоените села и се приближила на три часа растојание од најголемиот град во Македонија. Притоа, односот на грчките востаници кон муслиманското население речиси и не се разликувал од односот на солунските муслимани кон христијаните. Во писмо од 3 јуни 1821 година до Е. Папас, монахот Гидеон и Деметриос Николау запишале: „... сите наши села се вооружени и настапуваат против заедничкиот непријател на нашиот народ и на Верата... Муслиманите насекаде се преплавени од ужас и масовно ги напуштаат селата. Секој мохамеданец фатен од

нашите луѓе беше убиен“. За психолошката состојба на локалното муслиманско население во првите денови на јуни сведочи австрискиот конзул во Солун, Пјетро де Кох, кој во извештај од 17 јуни 1821 година пишува дека: „... Грчката револуција... создаде општа возбуда и ја сопре сета работа. Во реоните каде што Грците претставуваат мнозинство, отвореното непријателство станува сè почесто... Револуционерите се оддалечени само неколку часа од градот (Солун, б.н)... Тука расте стравот дека Грците можат да го нападнат градот од копно и од море“.

Реалната ситуација сепак не била толку загрижувачка за Турците. Нивното консолидирање и неорганизираноста на востаниците набргу го насочиле востанието во друг правец. Состојбата на востаничките сили била далеку од задоволителна. Во четите немало дисциплина, недостасувала муниција, а силно се чувствувал и недостатокот на искусен воен лидер. Голем дел од востаниците биле вооружени само со стапови. Во писмо до Папас, дел од халкидичките востаници пишуваат: „Ве молиме испратете ни еден од Вашите луѓе да преземе контрола врз нашата армија, бидејќи се наоѓаме во состојба на целосен неред“.

Истовремено османлиските власти ги презеле сите потребни мерки за задушување на востанието. Јусуф бег испратил барање до Портата за муниција и топови, а јаничарскиот ага формирал башибозучки трупи во кои влегле и голем број на Евреи, кои се истакнале за време на масакрите врз христијаните во Солун. Ахмед бег од Еница Вардар, на чело на 500 коњаници и нерегуларна војска составена од локални Јуруци, лесно ги поразил и протерал грчките востаници што му се испречиле на патот. Во овие битки, крај манастирот Св. Атанасиј бил убиен и капетан Капсас заедно со 68 негови борци. На 9 јуни трупите на Ахмед бег без борба го освоиле гратчето Василика, ги заробиле 300-те бранители, по што градот бил ограбен и запален. Слична судбина доживеало гратчето Галатишта. Грчките востаници по едночасовна борба побегнале од градот, оставајќи зад себе 3 топа и 150 жени и деца во рацете на непријателот. Башибозукот на Ахмед бег бил немилосрден и кон останатите освоени места, при што биле ограбени и палени дури и селата што одбиле да им се придружат на востаниците, како што се случило со селото Зангливери. Залудни биле сите обиди на Е. Папас да го врати востанието во планираната насока, па оттука неговото барање до грчките бродови што патролирале крај брегот на Халкидик да направат диверзија напаѓајќи го Солун не наишло на одек.

Сериозен проблем за востаниците претставувало присуството на османлискиот сераскер Хаџи Мехмед Бајрам Паша, кој на пат кон јужна Грција со огромна армија пристигнал во централна Македонија. Тука тој добил наредба од султанот да го

одложи походот кон Пелопонез и да го задуши востанието на Халкидик. Кон средината на јуни, на преминот Рентина армијата на Бајрам паша се судрила со четата на Е. Папас и лесно ја уништила. Преживеаните востаници се повлекле кон локалните планини. Под силен османлиски притисок, главнината на востаничките сили, сконцентрирана во Полигиро, се повлекла кон Касандра. Во меѓувреме, христијанските гратчиња и села на Халкидик биле едно по едно срамнети со земја. Населението било убивано или продавано како робје. За да го избегнат османлискиот бес, неколку доминантно грчки села го прифатиле исламот. Оние што успеале да преживеат бегале кон Касандра, Ситонија и Света Гора. Тогаш, за прв пат во светогорската историја, на илјадници жени им било дозволено да стапнат на Света Гора. Османлискиот притисок го почувствувале и жителите на солунското крајбрежје. Селата околу Солун биле напуштени, а жителите заедно со добитокот побегнале кон Бер. Кон Солун биле упатени стотици карвани со заробени жени и деца, кои биле продавани како бело робје на солунските пазари и завршиле во харемите на агите и беговите во Измир и Бенгази. Во извештај до султанот, Бајрам паша детално елаборирал за успешно завршената мисија: „Откако го исчистив реонот на Солун од овие нечисти и гадни суштества... и откако ги поразив овие неверници, од лицето на земјата избришав 42 од нивните градови и села. Според светиот закон ги убив (мажите, б.н), ги поробив нивните жени и деца, а нивниот имот им го разделив на верните победници. Нивните срца им ги подарив на пламенот и пепелта“. Откако ја извршил својата задача, Бајрам паша се упатил кон својата крајна дестинација на Пелопонез, а со неговото заминување завршила првата фаза од османлиската реакција во Халкидичкото востание. Оттогаш, востанието било ограничено на територијата на Света Гора и Касандра.

Востаниците на Касандра и Света Гора успеале да ги консолидираат своите редови, а кон крајот на јуни и во текот на јули 1821 година забележале и одредени успеси. Така, на 27 и 28 јуни обидите на Ахмед бег да продре во Касандра биле одбиени со значителни жртви на турска страна. Кон средината на јули востаничките сили биле засилени со 400 борци од Олимп, кон кои подоцна се придружиле уште 200 олимпјани. Овие успеси сепак биле изолирани и краткотрајни. Недостатокот на храна и оружје, како и повторно актуелизираните финансиски спорови меѓу манастирите внеле раздор во востаничките редови. Некои монаси побегнале од Света Гора, носејќи со себе вредни реликвии и поголема сума на пари. Поради сето ова, борците од Олимп набргу го напуштиле Халкидик, а наведените проблеми, пропратени со недостаток на способни команданти и појавата на болести, довеле до постепена дезинтеграција на востаничките сили. Кон крајот на септември

Османлиите му задале нов удар на востанието, откако успеале да го спречат истоварувањето на 600 грчки борци на брегот на Касандра.

Конечниот удар на востанието му го задал новоназначениот солунски паша, Мехмед Емин Абу Лабуд. По неуспешниот обид за продор во Касандра од 17 октомври 1821 и востаничкото одбивање на понудената амнестија, на 30 октомври Лабуд паша со 14.000 војска успеал да навлезе во Касандра и да го освои полуостровот. Во меѓувреме, монашките лидери на Света Гора одлучиле да го протераат претставникот на Е.Папас, Никифор, и покажале подготвеност да им се предадат на Османлиите. Всушност, падот на Касандра го означил крајот на Халкидичкото востание. Папас, кој пребегал на Есфигменскиот манастир на Света Гора, увидел дека монасите немале намера да продолжат со борбата. Напротив, на барање на Лабуд паша, советот на светогорските игумени испратил писмо до игуменот на манастирот Есфигмен, во кое побарал Папас да биде уапсен и предаден на Османлиите. За да избегне предавство, Папас со брод се упатил кон островот Хидра. Соочен со поразот, по пат починал од срцев удар.

До крајот на годината и последните востанички упоришта на Халкидик му се предале на Лабуд паша. Притоа, на жените и децата што се засолнале на Света Гора им било наредено да се вратат во своите изгорени села, на христијаните им било одземено сето оружје, а на светогорските манастири и монаси им биле наложени големи парични казни. Во манастирите на Света Гора биле сместени бројни османлиски гарнизони, кои направиле неповратна штета врз дел од црквите и фреските. Поради сето ова, во манастирите останале само старците и инвалидите. Најголем дел од помладите монаси побегнале од манастирскиот полуостров, станале мирјани и се ожениле, а дел од нив им се придружиле на локалните ајдуци и разбојници и дополнително се компромитирале пред властите.

Халкидичкото востание претставувало сериозен и долготраен проблем за Османлиите. Во жарот на грчката војна за независност на Пелопонез и во јужна Грција, половина година дел од османлиските сили, наместо да се упатат кон најјужниот дел од Балканот, биле принудени да се справуваат со востанието на Халкидик. Походот на Хаџи Мехмед Бајрам Паша кон Пелопонез бил привремено одложен, а за извесен период востанието му се заканувало и на Солун. Во однос, пак, на долготрајното значење на ова востание, британскиот дипломат Еркхарт запишал дека односот на Османлиите при задушувањето на Халкидичкото востание предизвикал голем анимозитет кај европските сили кон Турците, што подоцна

помогнало при одлуката на Големите сили да ја заземат грчката страна при потпишувањето на Лондонскиот мировен договор од 1827 година.

Неуспехот на востанието се должел на повеќе причини. Е. Папас не направил адекватни подготовки за востание, ниту пак зел предвид дека револуционерните идеали не соодветствувале со идеолошкиот свет на светогорските монаси. Голем проблем претставувала слабата вооруженост на востаниците, како и фактот дека имало недостаток од воени лидери и искусни борци. Од друга страна, се поставува прашањето колку би можеле искусните водачи и востаници да го променат текот на востанието, ако се знае дека против нив би имале моќен непријател кој настапувал од една толку блиска и голема база како Солун? Дополнителен проблем претставувало присуството на бројно турско население на север од Халкидик, пред сè борбените Јуруци од централна Македонија, кои оневозможиле ширење на востанието кон север и вршеле постојан притисок врз халкидичките востаници. Конечно, неуспехот на Халкидичкото востание во голема мерка се должел на фактот што тоа претставувало изолиран настан, како од географски, така и од етнички аспект. Идеалот на Е. Папас и Филики Етерија за создавање на голема грчка држава не можел да го анимира македонското и останатото негрчко христијанско население, па оттука востанието било ограничено на етничките Грци и патријаршискиот клер во доминантно грчкиот Халкидик. Погледано, пак, од географски аспект, и покрај обидите на Е. Папас да поттикне слични востанија на Олимп и во околината на Катерини, за време на Халкидичкото востание мирувале сите останати региони во јужна Македонија (освен островот Тасос), со што ефектот од востанието бил значително амортизиран.

**Селективна литература:**


Vacalopoulos A.E, History of Macedonia 1354-1833 (Translated by Peter Megann), Θεσσαλονίκη 1973

Βασδραβέλλης Ιωάννης, Ο αγώνας του 1821 στην Μακεδονία, Θεσσαλονίκη 1969

Граѓа за историјата на македонскиот народ од архивот на Србија, Том I, книга I, 1820-1848 (Приредил Климент Џамбазовски), Београд 1979

Dakin Douglas, The Greek struggle for independence 1821-1833, Berkeley&Los Angeles 1973

Μαμαλάκης Π. Ιωάννης, Η επανάσταση στη Χαλκιδική το 1821, Η συμμετοχή των Αγιορειτών και ο ρόλος του Εμμ. Παππά, Θεσσαλονίκη 1962

Матковски Александар, Отпорот во Македонија во времето на турското владеење, Т. 4, Буни и востанија, Скопје 1983

Φιλήμονος Ιωάννης, Δοκίμιον ιστορικόν περί της Ελληνικής Επαναστάσεως, τ.3$^{ος}$, Αθηνα 1860/τ.4$^{ος}$, Αθήνα 1861